Врз основа на член 190 и член 152 став 5 од Законот за хартии од вредност (“Службен весник на РМ” бр.95/05, ........ и бр.83/18), Комисијата за хартии од вредност на Република Северна Македонија на седницата одржана на 12.09.2019 година, донесе

**П Р А В И Л Н И К**
**за изменување и дополнување на**
**Правилникот за постапката за обновување на дозволата за работење на инвестиционен советник**

**Член 1**

Во Правилникот за постапката за обновување на дозволата за работење на инвестиционен советник (“Службен весник на РМ” бр. 110/2006 и 101/2013)

Во член 4

став (1) точка 4 зборовите ,,*надлежен суд*,, се заменуваат со зборовите ,,*надлежен орган*,,.

**Член 2**

Во член 5 по став (1) се додаваат два нови става (2) и (3) кои гласат:

,,*(2) Уверението од член 4 став (1) точка 4, Комисијата го прибавува по службена должност односно врши увид во уверението доставено од страна на странката.*

*(3) Инвестициониот советник задолжително дава изјава со која ја овластува Комисијата во негово име и за негова сметка да ги користи доставените податоци во постапката за прибавување на потребните потврди од други институции по службена должност.,,*

**Член 3**

Комисијата утврдува пречистен текст на Правилникот за постапката за обновување на дозволата за работење на инвестиционен советник.

**Член 4**

Овој Правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

**Број 01-823/2**
**Скопје, 12.09.2019 година**

**Комисија за хартии од вредност**
**на Република Северна Македонија**
**Претседател**
**Mr.Sc. Nora Aliti**